Република Северна Македонија - Република е Македонисë së Veriut
ОПШТИНА АРАЧИНОВО - KOMUNA E HARAÇINËS
УПРАВНИ ОРГАНИ - ORGANET DREJTUESE
Бр.-Nr. 13-131/2
24.03. 2026 год.viti
АРАЧИНОВО-HARAÇINË

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
Општинско основно училиште - Shkolla fillore komunale
ЃЕРЃ КАСТРИОТ - СКЕНДЕРБЕУ
GJERGJ KASTRIOT - SKËNDERBEU
Бр.Nr. 05-135
24.03. 2026 год.viti
с.Арачиново-f.Haracinë

Друштво за производство, трговија и услуги
ПУЦКО ПЕТРОЛ увоз-извоз ДООЕЛ
Бр. 0307-194
24.03 2026 год.
Пласница

ДОГОВОР

За набавка на екстра лесно масло за горење

НАБАВУВАЧ:

1. **Општина Арачиново,** со седиште на ул. 1 бр.2 во с.Арачиново, застапувана од Градоначалникот на Општина Арачиново, Даут Беќири (во понатамошниот текст прв договорен орган),
2. **Основно општинско училиште "Абдил Фрашери"** - Арачиново преставувано од в.д. директорот Рефик Салии (во понатамошниот текст втор договорен орган - набавувач)
3. **Основно општинско училиште "Ѓерѓ Кастриот Скендербеу"** - Арачиново преставувано од в.д.директорот Муса Муниши (во понатамошниот текст трет договорен орган - набавувач)

ДОБАВУВАЧ: ДПТУ ПУЦКО ПЕТРОЛ ДООЕЛ ул. Населено место без уличен систем бр.1 Пласница, Е-маил: contact@puckopetrol.com, ЕДБ: **4018999101772** и жиро сметка 200001053925653 депонент Стопанска Банка Скопје, застапувано од Управителот Божанка Грозданова (во натамошниот текст: Добавувач)

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
Основно општинско училиште - Shkolla fillore komunale
АБДИЛ ФРАШЕРИ
ABDYL FRASHËRI
Бр.Nr. 0501-74
24.03. 2026 год.viti
Арачиново-Haraçinë

I.ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 1

Предмет на овој договор е набавка на 44.000 литри Екстра лесно масло за домаќинство – 1 (ЕЛ-1) за потребите на Основно општинско училиште "Абдил Фрашери" и Основно општинско училиште "Ѓерѓ Кастриот Скендербеу" согласно Одлуката за избор на најповолен понудувач бр.13-131/1 од 18.03.2026 по оглас за доделување на договор за јавна набавка – поедноставена отворена постака бр. 02850/2026 објавен на ЕСЈН.

II. ПРИЕМ И ИСПОРАКА НА СТОКИТЕ

Член 2

Набавувачот е должен да достави писмена нарачка и тоа еден ден однапред од денот на испорака, а Добавувачот е должен договорената количина да ја испорачува сукцесивно во место и време определено во писмената нарачка. Набавувачот не се обврзува да ја порача целокупната количина наведена во техничката спецификација.

Член 3

Набавувачот се обврзува, приемот на Екстра лесното масло за домаќинство – 1 (ЕЛ-1) да го потврди на документите издадени од добавувачот: испратница и волуметарска белешка, со внесување на личните податоци - полно име и презиме и бројот на личната карта на лицето овластено за прием на стоката кај Набавувачот.

Квантитативен прием

Член 4

Квантитативниот прием набавувачот го врши при примопредавањето на Екстра лесното масло за домаќинство – 1 (ЕЛ-1) во автоцистерни, односно резервоари на Набавувачот.

Член 5

Испораката на Екстра лесното масло за домаќинство – 1 (ЕЛ-1), Добавувачот ќе ја врши со специјални возила наменети за ваков вид товар (цистерни со мерен систем за мерење на зафатнина на течни горива) франко складиште на набавувачот. Под мерен систем за мерење и верифицирање на зафатнина на течни горива се подразбира мерен уред верифициран од Бирото за метрологија при Министерството за економија на Р.Македонија и пломбиран со уредна пломба (жиг), не постара од 6 месеци со која се потврдува исправноста на мерниот уред. Мерниот систем печати мерна белешка (волуметраска белешка) која ги содржи следниве податоци: датум и време на испорака,вкупно издадени литри на работна температура и вкупно издадени литри на референтна температура од 15 C^0.

При секоја испорака Добавувачот е должен да врши проверка на верифицираниот документ и уредноста на пломбата. При евентуален недостаток набавувачот ја одбива испораката на Екстра лесното масло за домаќинство – 1 (ЕЛ-1).

При секоја испорака на дериватите, Добавувачот му издава Испратница и Мерна белешка (волуметарска белешка)

Добавувачот ќе ги фактурира количините на испорачаното Екстра лесното масло за домаќинство – 1 (ЕЛ-1) според мерен инструмент т.н. волуметар, вграден во автоцистерната на истовар. за кое што Добавувачот и превозникот имаат обезбедено верифициран документ за исправност на мерило. издаден од надлежните служби на Р.Македонија- Биро за метрологија.

Квалитативен прием

Член 6

Екстра лесното масло за домаќинство – 1 (ЕЛ-1), предмет на овој договор поседува квалитет во склад со важечкиот Правилник за квалитет на течни горива и со важечките стандарди во Р.Македонија

За квалитетот на предметот на набавка. Добавувачот е должен да обезбеди изјава за сообразност.

Приговор на квалитетот на маслото за горење екстра-лесно 1(ЕЛ-1), се доставува до Добавувачот веднаш или најдоцна во рок од 3 дена од неистоварено возило.

Во случај на рекламација, зеднички земениот примерок од неистоварена автоцистерна, рекламираните деривати се анализира во акредитирана контролна лабораторија која спогодбено ја определуваат двете страни. Резултатите од оваа лабораторија се меродавни за двете страни.

Доколку се констатира отстапување од деклариранот квалитет, трошоците за испитување паѓаат на товар на Добавувачот,а доколку се констатира дека рекламацијата е неоснована ,тогаш сите трошоци паѓаат на товар на Набавувачот.

Добавувачот е должен во рок од 8 дена да преземе мерки за решавање на приговорите.

Член 7

Рекламациите предвидени во член 6 од овој договор, кои не се направени во предвидиот рок со овој договор, Добавувачот не е должен да го разгледува и да постапи по него.

III. ЦЕНИ, УСЛОВИ И НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

Член 8

Екстра лесното масло за домаќинство – 1 (ЕЛ-1), предмет на овој договор се продава според цената утврдена согласно Одлуката донесена од Регулаторната Комисија за енергетика на РМ за определување на највисоки цени на одделни нафтени деривати, кои важат на денот на испораката.

Како ден на испорака се смета денот кој е впишан во документот кој ја следи стоката-испратница и мерна белешка.

Добавувачот е должен да го врши фактурирањето на вкупно издадените литри на Екстра лесното масло за домаќинство – 1 (ЕЛ-1) согласно количината наведена во мерната белешка.

Добавувачот се обврзува фактурирањето на испорачаните стоки да го врши по малопродажните цени, согласно Одлуката на Регулаторната комисија за енергетика на РСМ.

Вкупната вредност на овој договор изнесува 3.076.040,00 денари без пресметан ДДВ, односно 3.629.727,20 денари со пресметан ДДВ.

Член 9

Набавувачот е должен плаќањето да го изврши по испорака и прием на Екстра лесното масло за домаќинство – 1 (ЕЛ-1) во рок од 30 дена по датум на фактура.

Доколку набавувачот-купувачот не го изврши плаќањето во договорениот валутен рок продавачот има право да пресмета и наплати договорна камата (во висина на референтната стапка на НБРМ што за секое полугодие важела на последниот ден на полугодието што му предходело на тековното полугодие зголемена за 10 процентни поени) која што важи на денот на склучување на договорот, зголемена за 50 проценти.

Ако набавувачот има неплатени стасани побарувања, добавувачот има обврска писмено да го извести набавувачот дека доцни со плаќањето и воедно да му даде примерен рок за подмирување на обврските.

Доколку и покрај писменото известување, набавувачот не ги изврши своите обврски, добавувачот е должен повторно да го извести со "Опомена пред тужба" и го задржува правото за неиспорака на нови количини гориво.

IV. ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ОДГОВОРНОСТ

Член 10

Договорните страни се ослободуваат од одговорност за преземените обврски по овој договор во случаи, настани и околности што се предизвикани независно од волјата на договорните страни, а што го отежнуваат или оневозможуваат исполнувањето на Договорот.

Член 11

Како случаи и околности настанати независно од волјата на договорните страни се сметаат: војна, воени дејствија, мобилизација, штрајк, пожар, поплави, земјотрес, сообраќајни и други катастрофи, акти на органите на власта, акти или такви нарушувања на пазарот кој во значителна мера ќе го оневозможи континуираното снабдување со нафтени деривати и во други случаи што непосредо влијаат врз извршувањето на обврските.

V. РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 12

Овој договор може да се раскине со взаемна согласност или едностранo со доставување на писмено известување од една од договорните страни.

VI. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 13

Овој договор стапува во сила од моментот на неговото потпишување од овластените застапници на договорните страни.

За се што не е предвидено со овој Договор ќе се применуваат одредбите од Законот за облигациони односи и други закони и акти што ја регулираат материјата, предмет на овој договор.

Член 14

Овој договор може да биде менуван во согласност со волјата на двете договорни страни и сите измени и дополнувања можат да се вршат само по писмен пат, во согласност со важечките одредби од Законот за јавни набавки.

Дополнителни прилози и протоколи можат да го дополнуваат овој договор под услов да се потпишат од овластени застапници на двете договорни страни.

Член 15

Овој договор е со важност од 2 (две) години и стапува во сила од денот на неговото потпишување.

Член 16

Сите спорови по овој договор, договорните страни ќе настојуваат да ги решат спогодбено, а до колку тоа не се постигне, за нивно разрешување, странките договараат месна надлежност на стварно надлежниот суд во Скопје.

Член 17

Овој договор е склучен во 8 (осум) еднакви примероци, од кои по 2 (два) за секоја договорна страна.

ДОБАВУВАЧ,
ПУЦКО ПЕТРОЛ ДООЕЛ
Управител
Божанка Грозданова

НАБАВУВАЧ
Општина Арачиново
Градоначалник
Daut Beqiri

Набавувач
ООУ "Ѓерѓ Кастриот Скендербеу"
В.д. Директор
Musa Munishi

Набавувач
ООУ "Абдил Фрашери"
В.д. Директор
Refik Salii